**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: 09-10/8
12.08.2024 година
Кичево

**ОУ„ Св. Климент Охридски “- Македонски Брод**

| | |
|---|---|
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 11 - 13.03.2024 година |
| **Број на извештај:** | број 6 / Југозападен / 2024 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Славица Крстеска |
| **Вид на училиштето:** | основно училиште |
| **Подрачниучилишта** | 6 ( шест ) |
| **Основач на училиштето:** | Општина Македонски Брод |
| **Наставен јазик:** | Македонски |
| **Број на ученици:** | 431 |
| **Полова структура на ученици:** | 229 машки и 202 женски |
| **Број на наставници:** | 55 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Горан Иваноски |
| **Директор на училиштето:** | Тони Ставрески |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 19, 20, 21, 22 - 11 – 2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | Ул. Партизанска бр.33 М. Брод |
| **Телефон- Факс:** | / |
| **e-mail:** | oukliment@yahoo.com |
| **Веб страна** | www.oouklimentohridski.edu.mk |
| **Оценка од интегрална евалуација** | 3,58 ( Многу добро ) |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014; 33/2015; 145/2015; 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РМ“ број 86/2006 година) .

**Резиме**

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција од 11-13 март 2024 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ОУ„Св. Климент Охридски “- Македонски Брод.

Државните просветни инспектори во текот на тридневната посета, извршија посета на наставни часови, остварија комуникација и соработка со раководниот тим на училиштето, со стручната служба, со претставници на Училишниот одбор, Советот на родители, училишната заедница, поединечни средби со ученици, родители, наставен и ненаставен кадар.

ООУ„ Св. Климент Охридски “- Македонски Брод е општинско основно училиште во кое наставата се изведува на македонски наставен јазик. Во учебната 2023/2024 година се реализираат наставни планови и програми преку изготвување на глобални, тематски, тематско-процесни и дневни оперативни планирања за час за задолжителна, изборна, дополнителна и додатна настава, програми за слободни ученички активности и ученички екскурзии, наставните планови и програми изработени од БРО и одобрени од МОН, кои во училиштето се имплементираат со однапред утврдена динамика. Наставниците од одделенска настава (I-VI) одд. изработуваат планирања согласно новата концепција за основно образование. предметните наставници од природната група на предмети од седмо, осмо и деветто одделение изработуваат планирања согласно кембриџ-програмата. Раководниот тим и стручните соработници ги одредуваат приоритетите, динамиката и начините на реализација на наставните планови и програми. Наставниците имаат план за ЕКО, МИО и план за примена на информатичка технологија во наставата.

Училиштето има формирано инклузивен тим со Одлука бр. 02-646/1 од 06.09.2023 година, изработена е програма за идентификација на ученици со посебни образовни потреби и образовни потешкотии. Стручната служба на училиштето заедно со наставниците ги идентификува овие ученици, го следат нивниот психофизички и интелектуален развој и настојуваат со различни средства позитивно да влијаат на когнитивниот, афективниот и социјален развој. Во училиштето се изработуваат ИОП за учениците со посебни образовни потреби со наод и мислење кои се вклучени во редовна настава.

Училиштето планира и реализира воннаставни активности: натпревари, екскурзии, секции и слично, што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој.

Во ООУ„Св. Климент Охридски “ основан е училишен спортски клуб со целосен назив „Училишен спортски клуб Св. Климент Охридски 2014 Македонски Брод“, датум на основање 16.10.2014 година. Поголем број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој без разлика на нивната полова, етничка и социјална припадност.

Во училиштето се реализираат содржини за Меѓуетничка интеграција во образованието преку програмата „Образование за животни вештини“ на одделенските часови интегрирани содржини во наставните содржини по други предмети. Училиштето има партнер училиште - ООУ„Пере Тошев “ – с. Десово, Општина Долнени, за реализирање на одредени активности од МИО.

Интензивирање на соработката со училиштата ООУ „Пере Тошев“ од Десово и ООУ„Луиѓ Гаракуќи“ - Желино за реализација на ПМИО. Продолжување на соработката со збратименото училиште „Вук Караџиќ –Житковац Алексинац од Р.Србија .

Соработката со партнер училиштето се одвива континуирано со посета на група ученици со нивните наставници и се реализирани заеднички активности по повод деновите на училиштата. Во текот на м. април и мај се планирани заеднички часови.

Стручните соработници во годишната програма планираат и реализираат истражувања за следење на успехот на учениците при преминот од основно во средно образование, како и следење на успехот на учениците во петто и шесто одделение, по одделни предмети во прво полугодие со што се придонесува за што пообјективно оценување на постигањата на учениците. Се следи успехот на истите ученици со цел да се види дали и колку има отстапување во истиот при преминот од одделенска во предметна настава.

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба. Училиштето им дава поддршка на наставниците за да им помогне поефикасно да ги планираат часовите. Предметните наставници непосредно и континуирано го следат остварувањето на наставните планови по паралелки. Покрај тоа, периодично следење се врши и од страна на директорот на училиштето и стручната служба.

Најмалку еднаш во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и/или од стручната служба, заради задржување на континуитетот и квалитетот на истите. Секој наставник што изведува настава задолжително изготвува соодветни планирања во електронска форма, усогласени со дадените наставни планови и програми на Бирото за развој на образованието.

Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава. Наставата се одржува во училницата и кабинетите и во поголем дел е со користење на интерактивни табли, компјутер, ЛЦД прожектор, има работна атмосфера.

Наставниците се однесуваат со учениците на начин со кој се промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците според нивниот пол и социјалното потекло.

Наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење на учениците и преземаат конкретни активности за исполнување на потребите/или отстранување на пречките. Во текот на целата година училиштето редовно реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области.

Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците и има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. За таа цел наставниците редовно прибираат информации за постигањето на учениците и даваат транспарентна повратна информација за оценката на учениците. Наставниците при оценувањето на учениците користат формативно и сумативно оценување со употреба на различни алатки за оценување, усна проверка, писмени вежби, тематски тестови, бодовни листи, чек листи, наставни листови, чек листи за самопроверка и друго.

Оценувањето се одвива континуирано во текот на целата учебна година, со анализи на состојбите во трите образовни периоди. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Тоа е објективно, транспарентно и индивидуализирано и скоро секогаш проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. За таа цел се користат формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите кои се добро организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите. Родителите добиваат пишани извештаи најмалку два пати во едно полугодие, евидентни листови за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и свидетелство за крај на наставната-учебната година. со додатен дел**.** Со воведувањето на е-дневник родителите имаат можност за постојан увид во успехот и редовноста на нивните деца.

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има договорени мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училиштето и училишната зграда, Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорите, струјните места) е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците.

Во училиштето се забранува секаков облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците. Учениците и возрасните во училиштето се запознаени со сите облици на однесување кои се сметаат за физичко и психичко насилство преку одржување на едукативни работилници, прирачници и брошури, како и преку презентација на Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.

Училиштето континуирано води грижа за одржување на хигиената во училиштето. Тоалетите за наставниците и за учениците се чисти и дезинфицирани . Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена . Ходниците и скалите, подот и мебелот во училниците, останатиот училишен простор, прозорците, вратите и другиот инвентар се чистат секојдневно.

Учениците од прво, трето, петто и седмо одделение еднаш годишно посетуваат систематски и стоматолошки преглед и ги примаат сите редовни вакцини. Сите вработени во училиштето вршат редовни систематски прегледи. Последен систематски преглед на 89 вработени во училиштето е извршен на 25.08.2023 година во ПЗУ Медика- Крива Паланка. со договор број 03-Сл .од 25.08.2023 год. .Во случај на појава на заразна болест, училиштето усвојува договорена процедура за заштита од нејзино ширење . Училиштето има и реализира програма за грижа за здравјето на учениците.

Училиштето организира активности и има план и програма за професионална ориентација на учениците. Се спроведува анкета за избор на идно занимање, а учениците добиваат информации за понатамошно образование преку промотивни материјали на воспитно-образовни институции од Македонски Брод, Прилеп,, Кичево, приватниот колеџ „Јахја Кемал“ – Струга .

Во училиштето се води уредна педагошка евиденција и документација и тоа во текот на целата година. Наставниците водат евиденција за напредокот на постигањата, редовноста и поведениеto на учениците. Во евиденцијата се внесуваат и податоци за напредокот на учениците добиени врз основа на сопствени проценки.

Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Со сите активности што ги планира и презема училиштето, угледот/имиџот што го има може да се каже дека е подобрен.

Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот и истовремено постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и поголем дел од наставниот кадар играат важна улога во одржување на добра работна атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето.

Училиштето навреме и на правилен начин се справува со наставниците и вработените кои се однесуваат несоодветно ,ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.. Вработените во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата и подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите.

Училиштето става акцент на постигањата на сите ученици. Наставниот кадар ја организира средината за учење со поставување на јасни очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците имаат можности, согласно своите способности и интереси, да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и воннаставните активности. Натпреварите на кои учествуваат учениците ја збогатуваат традицијата што ја има училиштето во однос на постигнатите успеси кои се гордост и за самата институција, но и за самите ученици.

Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Училиштето редовно и навремено ги известува за напредокот на нивните деца. Постои добра комуникација меѓу наставниците и родителите. Родителите се слободни за некој проблем да се обратат до стручната служба во училиштето. Низ демократска процедура се врши избор на претставниците на родители во Училишниот одбор. Одлуките донесени од страна на Училишниот одбор се транспарентни и достапни.

Училиштето остварува соработка со локалната заедница, деловната заедница и невладиниот сектор. Интензитетот на соработка со невладиниот сектор со кој се создава добра комуникација и се гради солидна основа за конструктивност врз цврстата и нераскинлива врска која што секако започнува од образованието е во постојан раст. Училиштето има добра соработка со месното население и деловната заедница, организира активности за да ја одржи и поттикне соработката.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на наставата според нормативот. Работата на училиштето се одвива во училиштето во М.Брод и 6 (шест) ПУ во с. Самоков, с. Брест, с. Манастирец-каде има и ученички дом-сместени се 6 деца а 6 патуваат до училиштето., с. Косово, с. Суводол и с. Требино. Греењето во централното и ПУ с. Самоков и с. Манастирец е со парно греење а во останатите ПУ е со дрва.

Задолжителната настава во училиштето се изведува во една смена

Оваа учебна година училиштето го посетуваат 431 ученици распоредени во 36 паралелки и тоа: во основното училиште во М.Брод 21 од кои 13 одделенска настава , 8 –предметна и една паралелка-продолжен престој од I-III одд. .Во ПУ се вкупно 17 –паралелки од кои 11 одделенска настава ( 4 Самоков, 2 Манастирец и по една паралелка во с. Брест, с. Сувидол , с. Требино и с. Косово) и 6-предметна ( 4 во с. Самоков и 2-с. Манастирец). Наставата се изведува во чисти и комбинирани паралелки.

Од наставниците 8 се со вишо образование а 47 со високо образование и четворица наставници со несоодветно образование. Во училиштето има програма за менторство но за оваа учебна година нема наставник-приправник, еден наставник е со звање наставник- ментор

Училиштето соработува со локалната средина и со институции ,здруженија на граѓани и невладини организации. Училиштето е безбедно за изведување на наставата заради својата местоположба.

Во училиштето постои позитивна клима за работа меѓу вработените и учениците.

Училиштето располага со доволен број разновидна стручна литература. Наставните средства и помагала согласно нормативите по сите наставни предмети во континуитет се надоградуваат и зголемуваат.

Во континуитет ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, аудио-визуелна и ИКТ опрема и постојано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови.

Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес, вклучувајќи и кадар обучен за работа со деца со посебни образовни потреби-специјален едукатор и рехабилитатор . Во училиштето вработени се вкупно 89 лица од кои 1 директор, 1 помошник директор кој изведува и 6 часа настава , 55 наставници, 2 воспитувачи, 4 стручни соработници ( библиотекар, педагог, психолог и специјален едукатор и рехабилитатор) , 3 административни работници благајник, секретар и технички секретар), 25 помошно – технички работници (економ –домаќин, ложач на парно, хаусмајстор, хигиеничари- 16, чувари -3, кувар -2, возач-2.) .

Училиштето има стручна служба составена од психолог, педагог и специјален едукатор и рехабилитатор и библиотекар. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка , го следи напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и дава советодавна помош на учениците.

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот. Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој преку спроведување анкетен прашалник и обезбедува финансиска поддршка согласно идентификуваните потреби. Професионалниот развој на наставниот кадар во училиштето се остварува индивидуално и групно преку разни семинари, советувања, консултации, предавања, работилници, самообразование и преку други форми. Постои пракса на размена на искуства и преку следење на работата од колеги од стручниот актив.

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето. Раководниот кадар го следи наменското трошење на буџетот со цел да добие соодветен квалитет за потрошените финансиски средства. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределување на финансиските средства. Буџетот се користи наменски и за цели кои се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Надлежностите и начинот на работа на училишниот одбор се јасно дефинирани во деловникот за работа. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со деловникот за работа. Училишниот одбор секогаш работи со потребниот кворум и одлуките ги донесува со мнозинство на гласови.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган и други органи во училиштето. Активно учествува во креирањето на училишната политика, ја дефинира визијата и стратегијата на училиштето, ја надгледува реализацијата, промовира развој и одржува отворен контакт помеѓу училиштето и интересите на заедницата.

Раководниот орган добро раководи со училиштето и во раководењето има поддршка од најголемиот број на субјекти во него. Објективно ги оценува квалитетите на вработените, фокусирајќи се на нивниот придонес во тимската работа која е одлика на раководењето на органот. Успешно раководи со училиштето, иницира и донесува одговорни одлуки во полза на современиот образовен систем. Целосно е посветен на јасно поставени приоритети во развојниот план преку ефективна и конкретна самоевалуција, а како цел на своето работење им дава приоритет на постигнувањата на учениците и подобрувањето на наставниот процес.

Директорот има професионален однос кон работата, добра комуникација со вработените и се грижи за нивниот професионален развој. Работи на подобрување на стандардите и промовирање на личниот развој на учениците. Преку ангажирање на поголем број на субјекти во училиштето настојува да го подигне квалитетот на наставата. Воспоставува соработка во непосредната и пошироката заедница, вклучувајќи партнерства и со други училишта од државата и надвор од неа .

Целите поставени во Програмата за развој на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставниот процес и постигнувањата на учениците. Вработените, родителите и учениците земаат учество во креирањето на развојните политики на училиштето. Училиштето работи на поголема вклученост на сите субјекти во креирањето и остварувањето на мисијата и визијата на училиштето.

Училиштето преку одредена процедура ја креира училишната политика. Постојано го подобрува квалитетот на политиките насочени кон унапредување на квалитетот на работењето на училиштето, вклучувањето на учениците со посебни образовни потреби во сите активности во училиштето, меѓуетничата интеграција во образованието и граѓански активизам. Во континуитет работи на намалување на насилството во училиштето, намалување на семејното насилство и еднаков пристап до квалитетно образование.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место,

тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ „ Св. Климент Охридски “- Македонски Брод е многу добра (3,58)[1].

Самоевалуација, број 01-585/6 од 26.08.2022 година
Развојна програма број 01-369/7 од 27.08.2020 година
Годишна програма, број 01-586/5 од 25.08.2023 година
Одлука од Советот на општината за усвојување на Годишната програма од училиштето број 18-661/15 од 31.08.2023 год.
Годишен извештај број 01-586/3 од 15.08.2023 година
Инклузивен тим на училиштето, Одлука бр. 02-646/1 од 06.09.2023 година
Тим за меѓуетничка интеграција, 03-599/3 од 30.08.2023 година
Партнер училиште: ООУ„ Пере Тошев “ – с. Десово, општина Долнени
Училишен спортски клуб – има регистриран на 16.10.2014 година

Училиштен парламент - ученичката заедница ја сочинуваат претседателите на ученичките заедници на паралелките по години на образование. Претседател на ученичката заедница е Стефани Тримческа. Заедницата на учениците претставува значаен сегмент во организацијата на животот и работата во училиштето. Преку оваа заедница учениците имаат можност да учествуваат во креирањето и негување на другарски односи и соработка, како и можност да придонесуваат за нивниот правилен развој и целокупното работење на училиштето.

## Карактеристики на училиштето

ООУ „ Св.Климент Охридски “ Македонски Брод е деветгодишно училиште во кое наставата се изведува на македонски наставен јазик.

Училиштето во својот состав има централно основно деветгодишно училиште сместено во Македонски Брод и подрачни училишта во с. Самоков, с. Манастирец ( деветгодишни училишта) а во с.Брест, с. Требино , с. Сувидол и с. Косово ( петгодишни училишта) и наставата се изведува во чисти и комбинирани паралелки.

Училиштето има Решение за верификација зав.бр.10-3999/1 од 27.10.1997 год.за верификација на основното училиште „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод доставен е Статут зав. Бр. 03-281/2 од 18.05.2022 год , донесена е одлука на Училишен одбор и од страна на МОН – Скопје е добиено Решение за давање согласност.на Статутот Основното училиште „ Св. Климент Охридски“- Македонски Брод. зав. бр.УП1 18-1149 од 04.07.2022 год..

Во педагошката служба во училиштето се водат педагошки досија за сите наставници Наставата во основното училиште во Македонски Брод и во шесте подрачни училишта се изведува во една смена . Наставниот кадар е со соодветно образование со исклучок на 4 (четворица) наставници ( Ликовно образование, Македонски јазик и ТО и Информатика и еден наставник 12 часа Англиски јазик (соодветно) и 8 часа Француски ( несоодветно ). .

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

Училиштето се наоѓа во централното градско подрачје , се до 1968 год. го носело името Кирил и Методиј а потоа се преименува во Единство а од 1997 год. Го добива името Св.Климент Охридски е со површина од 11742 метри квадратни, а спортското игралиште од 1100 метри квадратни и се наоѓа во непосредна близина на училиштето. Дворното место се наоѓа околу самото училиште. Зградата располага со следниот училишен простор: 18 училници, 2 кабинети 2 фискултурни сали ( во текот на интегралната во фискултурната сала се поставуваше парно греење ), 4 санитарни простории за учениците и 2 санитарни простории за вработените и една друга просторија во основното училиште. Во централното и подрачните Самоков и Манастирец има парно греење . Во Подрачните училишта има 16 училници , 1 фискултурна сала и една друга просторија и еден санитарен простор за учениците, греењето е со дрва а од 30.12.2015 год. Во ПУ во с. Самоков затоплувањето е со парно греење . Во ПУ с. Манастирец има интернат во кој се сместени 6 ученици од с. Црешнево, Крапа и Грешница а. додека 6 ученици секојдневно патуваат.Греењето во останатите подрачни училишта е со дрва.

Училиштето соработува со локалната средина и со институции ,здруженија на граѓани и невладини организации. Училиштето е безбедно за изведување на наставата заради својата местоположба.

Училиштето има добиено Интернационален Сертификат и е наградено со Зелено знаме за Еко училиште.

Во училиштето постои позитивна клима за работа меѓу вработените и учениците.

## 1. Наставни планови и програми

### 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Во ООУ „Св. Климент Охридски”- Македонски Брод, се применуваат наставни планови и програми кои се во согласност со донесените програмски документи од Министерство за овразование и наука. Реализацијата на наставните планови и програми е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од концепциите за основно образование. Содржините во поголемиот број наставни програми овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и ги вклучуваат точките на акција од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми.

Наставниците од прво до шесто одделение за учебната година 2023/2024 година, планираат и работат според најновите концепции кои се изготвени од БРО бр.08-7413/14 од 10.05.2021 година а донесени од страна на МОН со организирање на Дигитално образование со употреба на Смарт Табли, таблети и печатени книги за четврто оделение, а за прво оделение само печатени книги.

Училиштето ги информира членовите на Советот на родители, другите родители и учениците за целите на наставните планови и програми што се реализираат, вклучително и за програмите што се однесуваат за интегрирано образование.

Дел од наставниците имаат посебни програми за децата со посебни образовни потреби. Дел од наставниците се обучени за работа со деца со посебни образовни потреби.

Стручната служба има изготвено краткорочна програма со посебни образовни потреби.

Во училиштето се дијагностицирани 15 ученици со посебни образовни потреби. За учениците училиштето има формирано посебни инклузивни тимови. За 5 ученици се обезбедени 5 образовни асистенти преку Ресурсниот центар Кочо Рацин – Битола зав. бр. 03-722/1 од 30.09.2022 година со кој е потпишан меморандум за меѓусебна соработка согласно член 16 став 3 од Законот за основно образаование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20).

Во училиштето има изработено и се реализираат проширени програми, кои подразбираат прифаќање, згрижување и испраќање на учениците пред и по наставните часови .

## 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат годишните и тематските планирања во согласност со наставните програми, насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето и согласно Концепција за основно образование. Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебни помагала од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност на иницијатива на наставници, родители или стручните органи.

Мултикултурализмот добро е застапен во годишната програма на училиштето, интегриран е во голем број на воннаставни активности.

Во училиштето има можности за интегриран пристап по одделни наставни предмети во одделенска и по наставните предмети во предметна настава.

Наставниците ги прилагодуваат наставните програми и содржини и за потребите на локалната средина. Постојат добри примери на соодветни интегрирани особености на локалната средина во наставните програми и наставните помагала и тоа во училишните проекти и воннаставните активности.

Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што се реализираат, а наставниците ги почитуваат тие насоки и преземаат одговорност за реализација на истите. Во содржините од одделенските часови и во содржините на наставните предмети историја, граѓанско образование, биологија, географија, во добра мера се опфатени одредени теми од областа на раководење, соработка, договарање, самодоверба, почитување на различноста и основните човекови права, разрешување на конфликти, како и теми за односите меѓу половите, репродуктивното здравје,и зависност од дроги.

Училиштето не покренува иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми или иновирање на постојните, врз основа на барања на наставници, родители или врз основа на согледаните потреби.

## 1.3 Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што произлегуваат од потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој, без оглед на нивниот пол и социјалното потекло

Воннаставните активности се планирани во Годишната програма на училиштето, а опфаќаат: работа со надарени и талентирани ученици, општествено-корисна работа, слободни ученички активности, заштита и унапредување на здравјето на учениците и културата на живеење, следење и унапредување на воспитно-образовната работа, како и активности со партнер училиштето ООУ”Пере Тошев ” – с. Десово, Општина Долнени . и ООУ„Луиѓ Гаракуќи“ - Желино за реализација на ПМИО. Продолжување на соработката со збратименото училиште „Вук Караџиќ –Житковац Алексинац од Р.Србија .

Во учебната 2023/2024 година во воннаставните активности, особено во секциите опфатени се скоро сите ученици според нивните индивидуални способности, наклонетост и предиспозиции кои ги детектираат наставниците. Групите најчесто се хетерогени

Во учебната 2021/22 год.09.02.2022 год. По предметот Биологија на општински (прво и второ место). регионален натпревар ( прво и трето место ) и државен натпревар –прво место.

Учество на регионални и државни натпревари по Англиски јазик, Француски јазик , Математика и Македонски јазик.

Во учебната 2022/23 година 10.03.2023 година учениците учествувале на општински натпревар по Биологија освоено е трето место, регионален- трето место.

Природни науки –општински натпревар една прва, три втори места, 4 трети награди, регионален – шест -трето место, три пофалници и едно за учество.

Хемија – регионален натпревар –две втори и една трета награда, државен натпревар –прва награда.

Биологија-регионален натпревар –една втора и една трета награда, државен натпревар –втора награда.

Математика и Физика –учество на меѓуучилишни натпревари и Географија на државен натпревар –прва и трета награда.

Учество на Конкурс за прием во гимназија Нова –освоено четврто место (партиципација 50%)..

Учество на Европски квиз на пари 2023 год.(онлајн) ученици од VII- IX одд.

и Меѓународен натпревар по Математика „Кенгур“- каде учествувале ученици од I-IX одд и голем број ученици добиле награди и пофалници.

Во учебната 2023/24 год. од 06.10.2023 година 15 ученици имаат учество на училишен, регионален (6 ученици) и државен натпревар (2 ученици ) по македонски јазик и освоено едно трето место и учество.

Англиски јазик -19.02.2024 год. 19 ученици учествувале на училишен натпревар а 4 ученици се пласирале на општински натпревар –само учество.

Математика -02.02.2024 год. Општински натпревар освоени прва, втора и трета награда.

Природни науки -23.02.2023 година освоени 4 втори и 3 трети награди.

Училиштето за последните две учебни години 2022/23 и 2023/24 год. има планирано и реализирано еднодневна ученичка екскурзија во блиската околина на училиштето како една од формите на воннаставна активност кои најчесто имаат наставно-научен, забавен, спортски и рекреативен карактер. При планирањето и подготовката на истите училиштето доследно ги почитува одредбите од Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и другите слободни активности на учениците во основните училишта.

За оваа учебна година од страна на Бирото за развој на образование училиштето има добиено 4 позитивни мислења зав. бр. 09-9/2 од 08.03.2024 година

- за програмата за изведување на летен камп со ученици од I-IX,
- за изведување на екскурзија со учениците од трето оддделение,
- за изведување на екскурзија со учениците од шесто оддделение,
- за изведување на екскурзија со учениците од деветто оддделение,

Училиштето има формирано училишен спортски клуб.

# 2 Постигања на учениците

## 2.1. Постигања на учениците

ООУ „ Св. Климент Охридски“- Македонски Брод, општина Македонски Брод. прибира и користи податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите класификациони периоди на ниво на училиште. Секој класен раководител изготвува преглед по тримесечие на успехот во класот, каде и се идентификуваат ученици со потешкотии во учењето. Во училиштето има 15 ученици со посебни образовни потреби , има двајца ученици што имаат тешкотии со учењето. Постигањата на учениците редовно се следат, се анализираат на наставнички и одделенските совети и се преземаат активности за нивно подобрување.

Правејќи анализа на средниот успех на учениците постигнати во изминатите три години забележуваме дека општиот успех е многу добар. Општиот успех на постигањата на учениците во изминатите три учебни години е следен: за учебна 2020/2021 година средниот успех на учениците е 3.99, за учебната 2021/2022 година средниот успех на учениците е 4,08 и за учебна 2022/2023 година средниот успех на учениците е 3,80. Бројот на изостаноци по години на ниво на училиште е следен: во 2020/2021 година има 3188 изостаноци од кои 325 оправдани и 155 неоправдани, во 2021/2022 година има 6012 изостаноци од кои 5972 оправдани и 40 неоправдани и во 2022/2023 година има 11576 изостаноци од кои 11486 оправдани и 90 неоправдани.

Од споредбените показатели за поведението за учебната 2020/2021 година, за учебната 2021/2022 година и за учебната 2022/2023 година може да се констатира дека сите ученици имаат примерно поведение.

Дел од наставниците во текот на редовната настава на учениците кои имаат тешкотии во учењето им обезбедуваат поддршка, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Изготвени се распореди за одржување на дополнителната и додатната настава и се реализира по распоредот по сите предмети одделенска и предметна настава. и СУА по Балетско-пеачка. Ликовна секција, Музичка, Драмско-ритмичка, Драмско-рецитаторска, балетска.(одд. настава) и секциите по сите предмети во предметна настава..

Училиштето ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус Доколку се јават разлики во постигањата, стручната служба ги анализира причините за ваквата појава и превзема активности за нејзино надминување

Училиштето организира заеднички воннаставни активности со ученици од мешан етнички состав во партнерство со училиште од друг наставен јазик и тоа со ООУ”Пере Тошев“- с. Десово, Општина Долнени.

## 2.2 . Задржување / осипување на ученици

Училиштето обезбедува услови за запишување на децата од реонот и тоа во централното училиште ООУ „ Св. Климент Охридски” – Македонски Брод и во подрачните училишта, вклучувајќи и услови за запишување на ученици со посебни образовни потреби.

Училиштето го следи и евидентира осипувањето на учениците. Во последните три учебни години 2020/2021- еден ученик , 2021/2022 – шест ученици и 2022/2023 година нема испишани ученици. Училиштето прибира податоци за одсуства на ученици (бројот на неоправдани и оправдани изостаноци), и активностите што ги превзема за намалување на бројот на изостаноци придонесуваат за зголемување на редовноста.

Училштето ги реализира советувањата на родителите за што води документација ,ги известува надлежните институции и врши анализи на резултатите од советувањето. Од страна на класните раководители и стручната служба се следи редовноста на учениците.

За учебната 2020/2021 година е реализирано едно советување (време на пандемија-online). Во учебната 2021/2022 година има реализирано 15 советувања на родители 14 по основ на намален успех и едно по несоодветно однесување. Во 2022/23 се реализирани 27 советувања 11 советувања на родители по основ намален успех во учењето, 2 нередовно посетување на настава и 14 несоодветно однесување во училиштето. Советувањата довеле до подобрување на поведението и успехот кај учениците.

Училиштето ја почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште.При преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитно образовниот развој на

ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

### 2.3 Повторување на ученици

Според интерните училишни акти и анализите за успехот на учениците за последните три години нема ученици кои ја повториле годината. Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор доколку има незадоволсво од постигнатиот успех на крајот на наставната година. Училиштето има утврдени процедури, се превземаат активности од самиот почеток на учебната година, преку дополнителната настава и други активности со цел на подобри постигања на учениците.

## 3 Учење и настава

### 3.1. Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба. Училиштето им дава поддршка на наставниците за да им помогне поефикасно да ги планираат часовите. Предметните наставници непосредно и континуирано го следат остварувањето на наставните планови по паралелки. Покрај тоа, периодично следење се врши и од страна на директорот на училиштето и стручната служба.

Најмалку еднаш во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и/или од стручната служба, заради задржување на континуитетот и квалитетот на истите. Секој наставник што изведува настава задолжително изготвува соодветни планирања во електронска форма, усогласени со дадените наставни планови и програми на БРО, наставниците од одделенска настава изготвуваат планирања според насоките за новата концепција во основното образование, а предметните наставници од природната група на предмети изработуваат планирања согласно кембриџ-програмата.

Наставниците изработуваат годишни планирања за настава; планирања за постигањата на резултатите од учењето, соодветни оперативни планови, тематски план според насоките дадени од советниците или договорени на стручните активи, планови за дополнителна и додатна настава, планови за примена на ИКТ, за интегрирање на еко-содржини и активности на МИО.

Планирањата на наставниците содржат општи насоки што се очекува од учениците да научат, како и кога. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се утврдени во планирањето. Активностите се така планирани за ефективно да се искористи времето и на наставниците и на учениците.

За учениците со посебни образовни потреби кои се распоредени во редовната настава се изготвуваат индивидуални наставни планови.

Распоредот на часови го изготвува наставникот по ТО и информатика и помошник директорот и истиот е согласно наставните планови и програми.

## 3.2 Наставен процес

Наставниот кадар користи разновидни наставни форми и методи, вклучувајќи и употреба на ИКТ во наставата, кои во поголем дел соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Наставниците користат добро испланирани и соодветни методи за да работат со учениците индивидуално, во мали групи или со целата паралелка.

Наставниците во најголем дел успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка. Задачите што се работат во училиште или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. На учениците им се овозможува да работат со сопствено темпо.

Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава. Учењето во училницата во голем дел е активно, динамично и има работна атмосфера.

Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците според нивниот пол и социјалното потекло .

Училиштето располага со сите потребни инструменти за следење на наставниот процес, како на пример: инструмент за следење и вреднување за воспоставување клима во паралелката, на комуникацијата на наставникот со учениците и на работата на наставникот за оценување на напредокот на учениците.

Во учебната 2022/2023 година согласно протоколите на МОН, наставниот процес се следел со физичко присуство .

## 3.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците ги доживуваат училниците, кабинетите и другите простории во училиштето како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење. Трудовите на учениците се изложуваат на соодветни видни места во училницата и во училиштето каде можат да бидат видени од другите ученици, како на пример: на соодветни паноа во ходникот по предметот по Ликовно образование, по повод денот на училиштето и слично. Трудовите на учениците редовно се менуваат согласно со целите на наставата и учењето.

## 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење на учениците и преземаат конкретни активности за исполнување на потребите/или отстранување на пречките. Образовните потреби се идентификуваат според постигнатите резултати по одреден предмет, активноста на часовите, интересот на одредени ученици во одредени области и слично.

Во текот на целата година училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области, се вршат консултации во врска со наставниот процес, разговори за нивните амбиции, индивидуални разговори за разни теми, разговори за проблеми од лична природа и слично.

Наставниците во процесот на поучување користат различни техники со што им даваат можност на учениците со различни стилови на учење да научат најмногу што можат.

## 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците и има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. За таа цел наставниците редовно прибираат информации за постигањето на учениците и даваат транспарентна повратна информација за оценката на учениците.

Наставниците при оценувањето на учениците користат формативно и сумативно оценување со употреба на различни алатки за оценување, усна проверка, писмени вежби, тематски тестови, бодовни листи, чек листи, наставни листови, чек листи за самопроверка и друго.

Оценувањето се одвива континуирано во текот на целата учебна година, со анализи на состојбите во трите образовни периоди. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Тоа е објективно, транспарентно и индивидуализирано и скоро секогаш проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања.

Наставниците ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.

## 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. За таа цел се користат формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите кои се добро организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите.

Родителите добиваат пишани извештаи најмалку два пати во едно полугодие, евидентни листови за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и свидетелство за крај на наставната-учебната година со додаток. Со воведувањето на е-дневник родителите имаат можност за постојан увид во успехот и редовноста на нивните деца.

# 4. Поддршка/помош на учениците

## 4.1. Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има договорени мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училиштето и училишните згради од шесте Подрачни училишта...

Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорите, струјните места) е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците.

Во училиштето има 3 (тројца) вработени со вештини за давање прва помош на ученици при несреќни случаи. Во централното училиште има 14 противпожарни апарати од кои 10 се во училиштето и по еден апарат во ПУ. истите се сервисирани на ден 05.07.2023 година, седум хидранти и громобран.

Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди но нема изведено симулација. Училиштето има и реализира план и програма за постапување во случај на елементарни непогоди. Планот е истакнат на видно место со обележани излези.

Во училиштето се забранува секаков облик на насилство, манифестирани од страна на возрасните и учениците. Учениците и возрасните во училиштето се запознаени со сите облици на однесување кои се сметаат за физичко и психичко насилство преку одржување на едукативни работилници, прирачници и брошури, како и преку презентација на Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.

Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на децата, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство и при тоа активностите ги координираат со институциите во локалната заедница. Вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиште. Во соработка со Одделението за внатрешни работи – Македонски Брод училиштето води успешна политика за превенција од дрога, алкохол и пушење преку организирање на предавања и работилници. Не се забележани појави на внесување и користење на алкохол и наркотични средства.

Во интерес на превенцијата од насилство и заради одржување добри односи во училишната средина се организираат дежурства од редот на наставниците.

Училиштето има Кодекс за безбедно училиште кој е истакнат на видно јавно место достапно на ученици, родители и наставници. Училиштето има и реализира Акционен план за безбедно училиште.

Училиштето не нуди организирана исхрана на учениците. Оообезбедува увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците во продавниците за храна во негова непосредна близина. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците.

За учениците од I-IX одд. кои патуваат повеќе од 2 км. Од страна на училиштето е организиран превоз со јавна набавка за 56 ученици од с. Битово (1) , с. Брест (‘6), с. Косово (4), с. Зркле ( 3) и од с. Лупште ( 1 ) до ПУ с. Самоков ,

од с. Сувидол (11), с. Латово (3 )., с. Сланско (3), с. Требино ( 9), с. Локвица ( 2) и с. Крапа ( 1 ) до ООУ М. Брод.

Од с. Манастирец (6), с. Црешнево ( 4), с. Грешница (1) и с. Крапа ( 1 )до ПУ с. Манастирец.

Училиштето има договорени процедури за грижа на учениците со телесни пречки во развојот. Училиштето соработува со родителите во обезбедување грижа на децата со телесни пречки во развојот и има развиени механизми за поттикнување на соучениците во пружање помош и водење грижа за овие деца.

Од страна на учениците и наставниците, безрезервно им се дава помош на учениците со пречки во развојот во сите моменти кога е тоа потребно.

Пристапот во училиштето е прилагоден на потребите на учениците со телесни пречки во развојот .

## 4.2 Здравје

Училиштето континуирано води грижа за одржување на хигиената во училиштето.Тоалетите за наставниците и за учениците се чисти и дезинфицирани. Во училиштето е извршена дезинфекција, дезинсекција и дератизација од страна на РМ ЈЗУ Центар за јавно здравје – Прилеп. на ден

05.10.2023 год . Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите, подот и мебелот во училниците, останатиот училишен простор, прозорците, вратите и другиот инвентар се дезинфицираат и чистат .

Училишниите дворови во централното и во подрачното се хортикултурно уредени.

Учениците од прво, трето, петто и седмо одделение еднаш годишно посетуваат систематски и стоматолошки преглед и ги примаат сите редовни вакцини. Сите вработени во училиштето вршат редовни систематски прегледи.. Последен систематски преглед на 89 вработени во училиштето е извршен од 25.08.2023 година во ПЗУ Медика- Крива Паланка. со договор број 03-Сл .од 25.08.2023 год. Во случај на појава на заразна болест, училиштето усвојува договорена процедура за заштита од нејзино ширење . Училиштето има и реализира програма за грижа за здравјето на учениците Училиштето има договорени процедури за грижа на учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во праксата за сите ученици кои имаат потреба од таков третман, на иницијатива на раководителот на паралелката или предметниот наставник во соработка со родителите и со други релевантни институции (како на пример: здравствени установи, Центарот за социјална работа).

## 4.3 Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците

Училиштето организира активности и има план и програма за професионална ориентација на учениците. Се спроведува анкета за избор на идно занимање, а учениците добиваат информации за понатамошно образование преку промотивни материјали на воспитно-образовни институции од Македонски Брод , Прилеп, Кичево, приватниот колеџ Јахја Кемал – Струга..

Во соработка со стручните соработници во училиштето се врши професионално насочување и на учениците со потешкотии во учењето. Стручната служба има програма за работа со ученици со потешкотии во учењето и постои процедура за работа со ученици со емоционални проблеми. Во училиштето постои процедура за поддршка на ученици кои заради болест или физички повреди изостануваат од наставата подолго време.

Учениците со потешкотии во учењето се интегрирани во училишната средина, имаат контакти и заеднички активности со останатите ученици. Дел од наставниците вршат прилагодување и приспособување на програмите за работа со деца со потешкотии во учењето и го следат нивниот напредок. Стручната служба презема мерки за откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми и остварува соработка со релевантните институции како што се: здравствените установи, центарот за социјална работа и Министерството за внатрешни работи.

## 4.4 Следење на напредокот

Во училиштето се води уредна педагошка евиденција и документација и тоа во текот на целата година. Наставниците водат евиденција за напредокот на постигањата, редовноста и поведението на учениците. Во евиденцијата се внесуваат и податоци за напредокот на учениците добиени врз основа на сопствени проценки.

Наставниците и учениците се во постојана интеракција меѓу себе. Постојано се дава поддршка во однос на учењето, наставата, оценувањето, воннаставните активности како и севкупната грижа за учениците.

Во одделенска настава за секој ученик се води портфолио и се следи нивниот индивидуален напредок. Наставниците изготвуваат извештаи по класификациони периоди за секоја паралелка и истите се разгледуваат на Наставнички совет и на одржаните состаноци на стручните активи. Изготвените извештаи на ниво на училиште се доставуваат на стручната служба и раководниот кадар и истите се достапни за сите заинтересирани структури во училиштето.

Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

# 5 Училишна клима

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Со сите активности што ги планира и презема училиштето, угледот/имиџот што го има може да се каже дека е подобрен. Од извршените анкети дел од наставниците, учениците и родителите сметаат дека имиџот што го има пред се во локалната заедница, е на потребното ниво.

Училиштето има Кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето. Училиштето има договорени процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во пракса.

Односите во училиштето се уредуваат нормативно и со следните правилници и акти: „Куќен ред", Правилник за видовите пофалби, награди и педагошки мерки", „Етички кодекс за оценување". Во нивната изработка учествувале сите претставници на структурите на училиштето, а ги усвоил Училишниот одбор. Училиштето води политика на доследно почитување на Кодексот на однесување од наставниот кадар и од учениците.

Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот и истовремено постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и поголем дел од наставниот кадар играат важна улога во одржување на релативно добра работна атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето.

Училиштето навреме и на правилен начин се справува со наставниците и вработените кои се однесуваат несоодветно. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите.

Учениците без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и потеклото се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето.

На крајот од последните три учебни години 2020/2021 , 20/22 и 22/23 сите ученици се со примерно поведение, Дисциплината на учениците главно задоволува. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиште.

Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки.

Во текот на последните три учебни години 2020/2021 и 2021/2022 година се изречени по една усна опомена во 2022/2023 година се изречени 14 педагошки мерки .и тоа 9 усни опомени, 1 укор и 3 писмени опомени. Со активности што ги планира и реализира училиштето, постои тренд на подобрување на поведението и дисциплината на учениците.

Учениците се навремено и целосно информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето одлуки во врска со тие работи.

Во училиштето е формиран ученички парламент кој има изготвено програма за работа со помош на стручната служба. Преку ученичкиот парламент учениците учествуваат во решавањето проблеми и донесуваат одлуки што се од нивно значење. Претседателот на ученичкиот парламент учествува во работата на училишниот одбор. Постои и самоиницијативно разгледување на некои поважни прашања врзани за училишниот живот со давање предлози и идеи за реализирање на некои значајни активности.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето става акцент на постигањата на сите ученици. Наставниот кадар ја организира средината за учење со поставување на јасни очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Наставниот кадар успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање. Се користат различни форми на промовирање на постигањата и тоа: преку аудо визуелна проектна активност, на свечености, на денот на училиштето. Се промовираат постигањата во наставните активности, вонаставните активности и резултати од учество на натпревари.

Учениците имаат можности, согласно своите способности и интереси, да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и вонннаставните активности. Училиштето води политика на

поттикнување на наставниот кадар и на учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и државно ниво.

Натпреварите на кои учествуваат учениците ја збогатуваат традицијата што ја има училиштето во однос на постигнатите успеси кои се гордост и за самата институција, но и за самите ученици.

## 5.3 Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Покрај сите активности што ги планира и реализира, училиштето повремено ги запознава родителите со правата на децата.

Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и за време на активностите на часот и надвор од часовите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи. Учениците се учат како да препознаваат и како да се справуваат со прашања поврзани со дискриминација на глобално ниво, но и во училиштето.

Доколку учениците забележат каква било форма на злоупотреба на туѓите или на личните права, можат во секое време да се обратат кај било кој наставник, раководниот орган или до соодветната служба во училиштето . Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничките, половите и културните разлики во училиштето и заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на која етничка група и припаѓаат.

## 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето има стратегија и реализира бројни активности за поттикнување на родителите да се вклучат во воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа, но нема организирано конкретна обука за родителите.

Училиштето користи бројни ефективни методи за комуникација со родителите преку: родителски средби (општи и на ниво на паралелката); состаноци со родители по групи; индивидуални родителски средби; писмено или усно (телефонски/интернет), соработка на релација стручна служба -семејство и советување на родителите.

Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Училиштето редовно и навремено ги известува за напредокот на нивното дете. Постои добра комуникација меѓу наставниците и родителите.

Родителите се слободни за некој проблем да се обратат до стручната служба во училиштето. Низ демократска процедура се врши избор на претставниците на родители во Училишниот одбор. Одлуките донесени од страна на Училишниот одбор се транспарентни и достапни

Училиштето остварува соработка со локалната заедница, деловната заедница и невладиниот сектор. Интензитетот на соработка со невладиниот сектор со кој се создава добра комуникација и се гради солидна основа за конструктивност врз цврстата и нераскинлива врска која што секако започнува од образованието е во постојан раст. Училиштето има добра соработка со месното население и деловната заедница, организира активности за да ја одржи и поттикне соработката и недоволно со медиумите за известување во, вклучувањето и реализирањето на активностите од еколошката програма.

# 6. Ресурси

## *6.1 Сместување и просторни капацитети*

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на наставата според нормативот. Работата на училиштето се одвива во осум училишни објекти во 2 објекти стар и нов поврзани со внатрешни скали во Македонски Брод и во шест подрачни училишта. Во сите објекти наставата се одвива во една смена..

Училишната зграда се одржува и е во добар ред. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и вонннаставните активностии се труди да ги задоволи потребите на учениците и наставниот кадар. Централното училиште поседува 14 противпожарни апарати кои се сервисирани на 03.07.2023 година, 7 хидрофори , има План за евакуација при елементарни непогоди . За прва помош и заштита се обучени 3 наставници

Училишните простории во двата објекти се затоплуваат со парно на нафта.

Во училиштето е извршено осигурување во UNIQA - осигурување АД Скопје на Објектот и Спортската сала во Македонски Брод на 02. 12 .2023 година, колективно осигурување на вработените на 16. 12. 2023 год. и осигурување на ученици на 01.10.2023 год.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето располага со недоволен број разновидна стручна литература. Наставните средства и помагала согласно нормативите по сите наставни предмети во континуитет се надоградуваат и зголемуваат. Во континуитет ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, аудио-визуелна и ИКТ опрема и постојано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови.

Училиштето има систем за следење на нивната употреба. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и истите ефективно и ефикасно ги користат во наставата и учењето. Учењето и наставата се збогатени преку планирано користење на ИКТ. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет.

Училишната библиотека работи во просторни услови кои одговараат на потребите. Библиотеката е добро подредена, располага со компјутер и програма за библиотечно работење. Евиденцијата на библиотечниот фонд се врши електронски и со картици. Библиотеката е отворена и достапна за користење од страна на учениците.

Библиотека располага со 5216 книги лектирни изданија , 1071 книга –стручна литература, 2058 книги-белектристика, историски книги- 1502, друга литература 1777 книги .книгите се

поделени и по јазик. На македонски јазик во библиотеката има 10580 книги, англиски јазик- 358, српскохрватски - 885 , француски -41 или вкупно 11864 книги од 5934 наслови. Книги се поделени и во библиотеките во двете деветгодишни ПУ во с. Самоков и с. Манастирец.

Бесплатните учебници им се доделуваат на учениците согласно претходно изготвен Правилник од страна на МОН.

Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребната количина за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно планот на училиштето. Набавениот потрошен материјал ги задоволува потребите на училиштето.

## 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес, вклучувајќи и кадар обучен за работа со деца со посебни образовни потреби-специјален едикатор и рехабилитатор и 5 образовни асистенти.. Во училиштето вработени се вкупно 89 лица од кои 55 наставници, 2 воспитувачи, 4 стручни соработници (библиотекар, педагог, психолог и специјален едукатор и рехабилитатор) 3 административни работници ( благајник, секретар и технички секретар), 25 помошно – технички работници , 1 директор 1 помошник директор..

Според степенот на образование на наставниот кадар 47 лица со високо образование , 8 со виша стручна спрема и еден наставник ментор.

Наставниот кадар е во согласност со нормативите и поседува низа квалификации, вештини и искуство стекнато преку обуки. Квалификуван е и оспособен да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Наставниците во поголем дел ефективно придонесуваат за работата на училиштето и во поголем дел успешно работат како тим во рамките на стручните активи. Во училиштето оваа учебна година нема наставник приправник , има наставник по звање наставник-ментор..

Постојниот наставен кадар сериозно приоѓа кон работата, односно планирањето и изведувањето на наставата и воннаставните активности. При распределбата на кадарот предвид се земаат квалитетите, искуството и експертизата на наставниците, што во најголем дел придонесува за исполнување на целите на наставата. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена.

Училиштето има стручна служба составена од психолог, педагог и специјален едукатор и рехабилитатор и 5 образовни асистенти.. Стручната служба им помага на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка.

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот.

Во последните три години спроведени се следните обуки на наставниот кадар :

- Користење на различни ИКТ средства за учење.
- Интердисциплинарен пристап во наставата за климатските промени.
- Подготовка на училиштето за реализавција на воспитниот процес според планот и протоколот за одржување на настава.
- Добри практики за спровредување на онлајн час.
- Практични совети и добри практики за користење на Микрософт тимс.
- Поттикнување на учење преку игра и стекнување на вештини.
- Формативно и сумативно оценување.
- Метродика и педагогија на квалитетна настава.
- Биодиверзитетот и геодиверзитетот во заштитните подрачја.
- Критичко размислување, решавање проблеми.
- Превенција на осипување на ученици од образовниот процес.

Градење на училишна клима и култура и сесија за развој и воведување на слободни изборни предмети и воннаставни активности и др.

Оваа година биле одржани обуки за наставниците од прво до шесто одделение за новата концепција во основното образование организирани од БРО.Училиштето во учебната година што измина активно било вклучено во рамките на ЕРАЗМУС + проектите.

Добиен бил проект од КА 1 програмата наставници биле на обука во Хрватска а потоа извршиле десиминација во училиштето и во други училишта. Исто така училиштето активно учествувало во ЕРАЗМУС + КА 2 програмата на тема „ заедно со училишта од Франција Португалија и Турција, Учество на проектот градиме нови мостови, организирање на современа интерактивна настава, следење и оценување на учениците,

- надоградување на наставниот процес и осовременување на наставата.

Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој преку спроведување анкетен прашалник и обезбедува финансиска поддршка согласно идентификуваните потреби. Професионалниот развој на наставниот кадар во училиштето се остварува индивидуално и групно преку разни семинари, советувања, консултации, предавања, работилници, самообразование и преку други форми. Постои пракса на размена на искуства и преку следење на работата од колеги од стручниот актив.

Училиштето има и реализира план и програма за професионален развој на кадарот и има стратегија за десиминација на знаењето на кадарот. За новите вработени во училиштето се организира запознавање со нивните обврски како приправници, одредување ментор, неговата улога и значење, давање инструкции околу полагањето на приправничкиот испит и се она што ќе значи помош на наставниците-приправници.

Во училиштето изработена е и се реализира програма за менторство на наставници. Оваа учебна година нема наставник-приправник.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми.

Раководниот кадар има разбирање за механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства. Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето. Раководниот кадар го следи наменското трошење на буџетот со цел да добие соодветен квалитет за потрошените финансиски средства.

Во училиштето постои Комисија за јавни набавки која ги познава и работи според сите правила и прописи поврзани со реализацијата на јавните набавки.

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределување на финансиските средства. Ги информира вработените за училишниот буџет и трошењето и ги консултира кога тоа е потребно и на соодветно ниво на деталност.

Буџетот се користи наменски и за цели кои се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.

Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето.

## 7. Управување, раководење и креирање политика

### 7.1 Управување/раководење со училиштето

Во училиштето орган на управување е Училишниот одбор. По својата структура тој е колегијален орган составен од 7 членови, од кои 3 претставници од редот на наставниот кадар и стручната служба, 3 претставници од редот на родителите и 1 претставник од основачот ( поради истекување на мандатот од страна на училиштето е поднесено барање до Советот на

општина Македонски брод зав. бр. 03-122/1 од 28.04.2024 год. за делегирање на нов претставник) . Во работата на училишниот одбор учествува и претставник на училишниот парламент без право на глас.

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и статутот на училиштето. Надлежностите и начинот на работа на училишниот одбор се јасно дефинирани во деловникот за работа на училишниот одбор. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со деловникот за работа. Училишниот одбор секогаш работи со потребниот кворум и одлуките ги донесува со мнозинство на гласови.

За својата работа и одлуките кои ги носи училишниот одбор обезбедува редовни, сеопфатни и детални информации за другите субјекти вклучени во животот и работата на училиштето.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган и други органи во училиштето. Во изминатиот период не е организирана обука за членовите на училишниот одбор. Активно учествува во креирањето на училишната политика, ја дефинира визијата и стратегијата на училиштето, ја надгледува реализацијата, промовира развој и одржува отворен контакт помеѓу училиштето и интересите на заедницата.

Раководниот орган добро раководи со училиштето и во раководењето има поддршка од најголемиот број на субјекти во него. Објективно ги оценува квалитетите на вработените, фокусирајки се на нивниот придонес во тимската работа која е одлика на раководењето на органот. Успешно раководи со училиштето, иницира и донесува одговорни одлуки во полза на современиот образовен систем. Целосно е посветен на јасно поставени приоритети во развојниот план преку ефективна и конкретна самоевалуција, а како цел на своето работење им дава приоритет на постигнувањата на учениците и подобрувањето на наставниот процес во училиштето.

Директорот има професионален однос кон работата, добра комуникација со вработените и се грижи за нивниот професионален развој. Работи на подобрување на стандардите и промовирање на личниот развој на учениците. Преку ангажирање на поголем број на субјекти во училиштето настојува да го подигне квалитетот на наставата. Воспоставува соработка во непосредната и пошироката заедница, вклучувајки партнерства и со други училишта од државата и надвор од неа.

## 7.2 Креирање на училишната политика

Целите поставени во Програмата за развој на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставниот процес и постигнувањата на учениците.

Вработените, родителите и учениците земаат учество во креирањето на развојните политики на училиштето. Училиштето работи на поголема вклученост на сите субјекти во креирањето и остварувањето на мисијата и визијата на училиштето.

Училиштето преку одредена процедура ја креира училишната политика. Постојано го подобрува квалитетот на политиките насочени кон унапредување на квалитетот на работењето на училиштето, вклучувањето на учениците со посебни образовни потреби во сите активности во училиштето, меѓуетничата интеграција во образованието и граѓански активизам. Во континуитет работи на намалување на насилството во училиштето, намалување на семејното насилство и еднаков пристап до квалитетно образование.

Училиштето има акционен план за следење на остварувањата на резултатите од дефинираните цели и план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите од поставените цели. Работи на информирање на наставниците, учениците и родителите за резултатите кои треба да се постигнат и временскиот период во кој треба да се реализираат.

## Наоди и препораки

### Силни страни

- Училиштето постојано се ангажира во подобрување на условите за работа и води грижа за еднаков и правичен пристап кон сите ученици.
- Раководниот орган добро раководи со училиштето и во работата има поддршка од најголемиот број на субјекти во него а постои координирана и континуирана соработка и со училишниот одбор..
- Училиштето има убаво хортикултурно уреден двор, отворен Амфитеатар и покриен Летниковец за реализација на настава на отворено.
- Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување.
- Училиштето има партнерски однос со локалната заедница, невладини организации и други институции.
- Училиштето учествува во проекти како и на општински, регионални и државни натпревари каде постигнува успеси.

### Слаби страни

- Има 15 (петнаесет) ученици со посебни образовни потреби а обезбедени се само 5 (пет) образовни асистенти..
- Застарени наставни средства и помагала по одредени предмети..
- Оштетена и дотраена дограма во дел од Подрачните училишта и поставување на ограда.

### Препораки

- Училиштето да вложи напори за обезбедување на образовни асистенти за децата со посебни потреби.
- Да се изврши промена на застарените со нови посовремени наставни средства и помагала.
- Да се вложат напори за промена на дограмата во ПУ каде не е сменета и да се оградат.

| | |
|---|---|
| Славица Крстеска, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Амдин Рушај, Инспектор | |
| Бошко Стефаноски, Инспектор | |